РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

мај, 2017 година

# СОДРЖИНА

Резиме ...... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ...... 3

Број на работници во индустријата ...... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ...... 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ...... 5

Инфлација ...... 5

Берзански цени ...... 7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ...... 8

Увоз ...... 9

Салдо на трговска размена ...... 10

Валутна структура ...... 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ...... 11

Приходи по буџетски корисници ...... 12

Буџетски расходи според економската класификација ...... 13

Расходи по буџетски корисници ...... 14

Буџетско салдо ...... 16

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ...... 17

Плати ...... 18

Пензии ...... 18

5. Монетарен сектор

Примарни пари ...... 19

Депозитен потенцијал ...... 20

Кредити на банките ...... 20

Каматни стапки на депозитни банки ...... 21

Пазар на капитал ...... 21

Девизни резерви ...... 21

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

маj, 2017 година

- Индустриското производство во мај 2017 година во споредба со мај 2016 година забележа раст од 9,2%;

- Потрошувачките цени во мај 2017 година се зголемија за 1,2% во однос на мај 2016 година, по годишниот раст од 1,0% во април 2017 година;

- Во периодот јануари – мај 2017 година извозот забележа раст од 15,1%, а увозот 12,1%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 5,1%, споредено со истиот период во 2016 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првите пет месеци од 2017 година изнесуваа 73.135 милиони денари, односно 11,5% од БДП и претставуваат 39,0% од буџетските приходи за 2017 година. Вкупните приходи се повисоки за 6,4% во однос на истиот период од 2016 година.

- Вкупните расходи на Буџетот во првите пет месеци изнесуваа 78.472 милиони денари, односно 12,4% од БДП и претставуваат 38,1% од планираните буџетски расходи за 2017 година. Вкупните расходи се повисоки за 4,6% во однос на истиот период во 2016 година.

- Вкупните кредити на банките во мај 2017 година се зголемија за 1,5% во споредба со мај 2016 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 6,4%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во мај 2017 година индустриското производство забележа раст од 9,2% во споредба со мај 2016 година. Анализирано по сектори, раст е забележан во сите сектори, и тоа: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 13,8%, Преработувачка индустрија од 8,8% и Рударство и вадење камен од 7,7%.




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во мај 2017 година има гранката Производство на машини и уреди (3,7 процентни поени), а најголем негативен придонес има гранката Производство на облека (-1,0 процентен поен).

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари – мај 2017 година во однос на истиот период во 2016 година забележа раст од 0,6%. Раст е забележан единствено во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 12,0%, додека пад е забележан во секторите Рударство и вадење камен од 1,2% и Преработувачка индустрија од 0,3%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во мај 2017 година во однос на мај 2016 година покажуваат зголемување на производството кај сите групи и тоа: Капитални производи од 23,5%, Енергија од 18,1%, Интермедијарни производи, освен енергија од 6,8%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,9% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,6%.




На кумулативна основа, во периодот јануари – мај 2017 година во однос на истиот период во 2016 година раст е забележан кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 8,5%, Енергија од 7,4%, Капитални производи од 4,7% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,8%. Пад е забележан кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,2%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво забележа раст од 1,0% во мај 2017 година. Растот се должи на зголемениот број на работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,2%, додека во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација и Рударство и вадење камен е забележан пад од 0,5% односно 0,4%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во периодот јануари – мај 2017 година во споредба со истиот период во 2016 година е зголемен за 0,5%. Раст е забележан во секторите Рударство и вадење камен и Преработувачка индустрија од по 0,5%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи намалување од 0,5%.

Графикон 1.3. Стапка на раст на бројот на работници и продуктивноста во индустријата; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во мај 2017 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 11,9%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,2%, Интермедијарни производи, освен енергија од 3,6% и Енергија од 0,7%. Пад е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,2%.

На кумулативна основа, во првите пет месеци од 2017 година во однос на истиот период во 2016 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 8,0%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,5%, Интермедијарни производи, освен енергија од 2,5% и Енергија од 0,7%. Намалување на бројот на работници е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,7%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во мај 2017 година е понеповолна во однос на претходниот месец, а поповолна во однос на мај 2016 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во мај изнесува 64,0%, што претставува намалување во однос на април 2017 година, кога изнесувало 64,6%. Споредено со истиот месец од 2016 година, искористеноста на капацитетите е пониска за 0,3 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во мај 2017 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 22,2%, недоволната домашна побарувачка со 19,0%, недостигот на квалификувана

работна сила со 18,1%, неизвесното економско окружување со 11,2%, финансиските проблеми со 9,5% и конкурентниот увоз со 7,3%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во мај во однос на претходниот месец е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на април 2017 година, а залихите на готови производи на месечно ниво се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во мај 2017 година издадени се 241 одобрение за градење, што претставува намалување од 17,5% во однос на мај 2016 година. Споредено со претходниот месец, кога биле издадени 259 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење се намалил за 6,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во мај во однос на истиот месец од 2016 година бележи пад од 25,9%. Споредено со април 2017 година, вредноста на објектите се зголемила за 2,7%.



Графикон 1.4. Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на работите; Извор: ДЗС

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 133 (или 55,2%) се наменети за објекти од високоградба, 39 (или 16,2%) за објекти од нискоградба и 69 (или 28,6%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 241 издадено одобрение за градба, на 135 објекти (или 56,0%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 106 објекти (или 44,0%) инвеститори се деловни субјекти.



Графикон 1.5. Број на издадени одобренија за градење по региони, во мај 2017 година; Извор: ДЗС

Во мај 2017 година предвидена е изградба на 1.078 станови, со вкупна корисна површина од 79.477м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е зголемен за 17,3%, а во однос на истиот месец од претходната година за 43,7%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во мај 2017 година се зголемија за 1,2% во однос на мај 2016 година, по годишниот раст од 1,0% во април 2017 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – мај 2017 година изнесува 0,7%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во мај забележа годишен раст на цените од 0,2%, при што највисок раст имаа цените на овошјето (за 4,2%) и кафе,чај и какао (за 6,3%).




Највисок годишен раст на цените во мај 2017 година е забележан во категоријата Комуникации од 9,9%, следена со порастот на цените во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,9%, Ресторани и хотели од 4,6%, Транспорт од 2,9%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,3% и Облека и обувки од 0,9%.

Годишен пад на цените во мај е регистриран во категориите: Здравје од 1,0%, Рекреација и култура од 0,8%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,4%, Образование од 0,3% и Останати стоки и услуги од 0,2%.




Потрошувачките цени во мај 2017 година се зголемија за 0,7% во однос на претходниот месец. Раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци од 1,8%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,9%, Транспорт од 0,5% и Здравје од 0,2%.

Намалување на цените е забележано во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,4% и Облека и обувки од 0,3%, додека цените во категориите Образование, Домување, вода, електрика, гас и други горива, Рекреација и култура, Комуникации, Ресторани и хотели и Останати стоки и услуги останаа непроменети.

Цените на мало во мај 2017 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 2,7%, а на месечна основа цените на мало се зголемија за 0,6%. Цените на мало во периодот јануари – мај 2017 година се зголемија за 2,0%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во мај 2017 година во однос на претходниот месец се намали за 4,0% и изнесуваше 50,9 долари за барел. Споредено со мај 2016 година, цената на нафтата се зголеми за 7,9%. Цената на природниот гас во мај, во однос на април 2017 година порасна за 1,6%.

Графикон 1.8. Сурова нафта (Brent) - Цена и стапка на раст; Извор: Светска банка и пресметки на МФ




Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ во мај 2017 година се тргуваше со просечна цена од 9.155 долари за еден метрички тон ($/мт) и на месечно ниво бележи пад на цената од 4,7%. Споредено со истиот месец од 2016 година, цената на никелот се зголеми за 5,7%. Покрај никелот, месечно намалување на цената во мај забележаа и останатите основни метали, освен калајот, чијашто цена бележи раст од 1,5%. Така, цената на оловото се намали за 4,3%, на бакарот за 1,5%, на цинкот за 0,9% и на алуминиумот за 0,4%.

Графикон 1.9. Берзански цени на метали, во долари; Извор: Светска банка




И благородните метали бележат намалување на цената во мај на месечна основа. Така, цената на среброто се намали за 7,1%, на платината за 3,2% и на златото за 1,6%.

Цената на пченицата на светските берзи во мај, споредено со април 2017 година се зголеми за 8,7%, а цената на пченката бележи пад од 1,4%. Цената на јагнешкото месо во мај, во однос на претходниот месец се зголеми за 4,3%.

# НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно – трговска размена во првите пет месеци од 2017 година изнесува 4.675,3 милиони евра, што претставува раст од 13,4% во однос на истиот период минатата година.

Графикон 2.1. Надворешна трговија во периодот јануари - мај во 2016 и 2017 година; Извор: ДЗС




Во периодот јануари – мај 2017 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,0%, што претставува намалување од 1,2 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари – мај 2017 година вредноста на извезените стоки изнесува 1.964,5 милиони евра и бележи раст од 15,1% (257,2 милиона евра) во однос на истиот период во 2016 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 18,0%.

Графикон 2.2. Структура на извозот по СМТК, во периодот јануари - мај 2017 година; Извор: ДЗС




Вредноста на извезените стоки во мај 2017 година изнесува 428,7 милиони евра и бележи раст од 20,6% (73,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 30,0%.

Графикон 2.3. Учество на стоките по економска намена во вкупниот извоз на Република Македонија во периодот I-V-2017 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ




Анализирано на месечно ниво, во мај 2017 година извозот бележи раст од 7,7% (30,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен раст од 4,1%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – мај 2017 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 49,2% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – мај 2017 година споредено со истиот период од 2016 година, извозот бележи раст кај сите групации и тоа: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите – извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско – пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 14,8% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 9,0%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 81,4% и 11,0% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – мај 2017 година изнесува 2.710,8 милиони евра и бележи раст од 12,1% (293,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2016 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 3,7%.

Графикон 2.4. Учество на стоките по економска намена во вкупниот увоз на Република Македонија во периодот I-V-2017 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ




Вредноста на увозот во мај 2017 година изнесува 600,5 милиони евра, што претставува раст од 13,1% (69,4 милиони евра) во однос на истиот месец 2016 година, а увезените количини стоки се намалени за 10,9%.

Анализирано на месечно ниво, во мај 2017 година увозот бележи раст од 9,0% (49,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 7,1%.

Табела 1.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи;

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2016 | I - V - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 24,6 | 43,6 | 19,0 | 77,3 |
| Мил. ЕУР | 9,9 | 18,3 | 8,4 | 85,1 |
| Мил.$ | 11,0 | 19,7 | 8,6 | 78,3 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2016 | I - V - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 409,4 | 410,9 | 1,5 | 0,4 |
| Мил. ЕУР | 126,2 | 174,2 | 48,0 | 38,0 |
| Мил.$ | 140,8 | 187,1 | 46,3 | 32,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2016 | I - V - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 5,8 | 21,9 | 16,1 | 275,3 |
| Мил. ЕУР | 371,8 | 420,6 | 48,8 | 13,1 |
| Мил.$ | 415,0 | 453,3 | 38,3 | 9,2 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2016 | I - V - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 11,5 | 11,8 | 0,4 | 3,2 |
| Мил. ЕУР | 72,1 | 75,7 | 3,5 | 4,9 |
| Мил.$ | 80,5 | 81,4 | 0,9 | 1,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2016 | I - V - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 249,7 | 288,8 | 39,1 | 15,7 |
| Мил. ЕУР | 155,6 | 192,7 | 37,1 | 23,9 |
| Мил.$ | 173,8 | 208,1 | 34,3 | 19,7 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2016 | I - V - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 340,3 | 238,3 | -102,0 | -30,0 |
| Мил. ЕУР | 128,0 | 122,2 | -5,8 | -4,6 |
| Мил.$ | 142,9 | 132,1 | -10,8 | -7,5 |

*)Претходни податоци

Извор: Државен завод за статистика

## Салдо на трговска размена

Во првите пет месеци од 2017 година, трговскиот дефицит се зголеми за 5,1% односно 36,5 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во мај 2017 година трговскиот дефицит се намали за 2,2% односно 3,9 милиони евра споредено со мај 2016 година.

Графикон 2.5. Надворешно трговска размена на РМ (во милиони евра); Извор: ДЗС




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива и храна и пијалаци, како и стеснувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и проширувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари – мај 2017 година 85,3% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција, Јужна Африка, Италија, Русија, САД, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 86,6% од трговската размена во периодот јануари – мај 2017 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2016 година претставува зголемување од 0,4 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,2% и 82,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е намалена за 0,9 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 1,2 п.п. во однос на периодот јануари – мај 2016 година.

Табела 1.2. Надворешна трговска размена на Република Македонија (по валути); Пресметки на МФ

| увоз | I - V - 2016 | | | | | I - V - 2017 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1,678.9 | 1,966,157,114 | 61.6807 | 121,273,947,124 | 81.3 | 1,664.7 | 2,236,520,964 | 61.5804 | 137,725,855,578 | 82.5 | 270,363,850 | 13.8 |
| УСД | 640.7 | 474,155,946 | 55.3760 | 26,256,859,667 | 17.6 | 742.6 | 485,972,961 | 57.3602 | 27,875,506,236 | 16.7 | 11,817,015 | 2.5 |
| ГБП | 2.2 | 7,653,061 | 79.5523 | 608,818,569 | 0.4 | 1.8 | 8,259,343 | 71.8854 | 593,726,157 | 0.4 | 606,282 | 7.9 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2,321.9 | | | 148,139,625,360 | 98.9 | 2,409.1 | | | 166,195,087,971 | 99.5 | | |
| вк извоз: | 2,328.2 | | | 149,099,587,852 | 100.0 | 2,414.9 | | | 166,958,393,482 | 100.0 | | 12.0 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – мај 2017 година изнесуваа 73.135 милиони денари, односно 11,5% од БДП и преставуваат 39,0% од буџетските приходи за 2017 година. Вкупните приходи се повисоки за 6,4% во однос на истиот период од 2016 година.

Даночните приходи во првите пет месеци се реализирани во износ од 43.234 милиони денари, односно 6,8% од БДП и во однос на истиот период во 2016 година се зголемени за 6,3%.

Графикон 3.1.Одделни категории приходи (во милиони денари);

Извор: МФ




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 20.848 милиони денари и е зголемен за 5,6%, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој петмесечен период е најголемо и изнесува 48,2%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 27.765 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 6.918 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 5,1%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 3,6% споредено со истиот период минатата година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 13,1%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува намалување од 7,1%,

Акцизите се остварени во износ од 8.711 милиони денари (учество од 20,2% во даночните приходи), што претставува зголемување од 4,5% во однос на истиот период лани. Така, од овие два индиректни даноци се остварени приходи од 29.559 милиони денари, односно 68,4% од вкупните даночни приходи (4,7% од БДП).

Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 5.908 милиони денари и забележуваат раст од 9,4% на годишна основа, при што 2/3, односно 64,8% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,5% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 8,0% од приходи од капитал, 6,3% од приходи по основ на договор на дело, 3,7% од приходи од имот и имотни права итн.

Приходите од данокот од добивка во овој петмесечен период во 2017 година изнесуваа 5.503 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 9,9% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 30,2%), дивиденда и друга распределба (зголемување од 12,9%) и на задржаниот данок за странски

правни лица (зголемување од 16,3%), додека намалување бележат доплатите по даночни биланси (намалување од 7,1%).

Приходите од царина беа остварени во износ од 2.105 милиони денари и забележаа зголемување од 9,2%. Приходите од други даноци со остварен износ од 159 милиони денари забележаа помало остварување за 36,1% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 20.935 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,6% споредено со истиот период од 2016 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 5,7%, кај придонесите за вработување за 5,7% и кај придонесите за здравствено осигурување за 5,4%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 6.175 милиони денари и во однос на истиот период во 2016 година забележаа поголемо остварување од 19,2% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствarija во износ од 246 милиони денари, што претставува намалување од 68,4% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.907 милиони денари, односно за 25,5% повеќе во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници[1]

Буџетските приходи и приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во периодот јануари – мај 2017 година тие изнесуваат 51,4 милијарди денари, односно 90,3% од приходите и приливите на сите буџетски корисници, а претставуваат 33,3% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Графикон 3.2. Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата за I-V 2017 година (во %); Извор: МФ




Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 83,2% од вкупните приходи и приливи на овој буџетски корисник, при што нивната наплата до мај достигна 40,3% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување во овој период изнесува 4,1 милијарда денари, што претставува 8,0% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за транспорт и врски коишто изнесуваат 1,5 милијарди денари,

[1] Податоците не се консолидирани и ги вклучуваат и приливите на средствата

односно 2,6% од приходите и приливите на сите буџетски корисници, а претставуваат приходи од заеми, односно се остварени во вид на задолжување од странство. Министерството за образование и наука има остварено приходи во износ од 1,3 милијарди денари, односно 2,2% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел, односно 85,5% од вкупниот износ претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци. Останатите буџетски корисници имаат остварено приходи под 1 милијарда денари поединечно, односно збирно 4,9% од вкупните приходи и приливи. (*Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк http://www.finance.gov.mk/mk/node/693).*

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, кои во периодот јануари – мај 2017 година изнесуваат 26,2 милијарди денари и претставуваат 41,0% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – мај 2017 година изнесуваа 78.472 милиона денари, односно 12,4% од БДП и преставуваат 38,1% од планираните буџетски расходи за 2017 година. Вкупните расходи се повисоки за 4,6% во однос на истиот период во 2016 година.

Графикон 3.3 Одделни категории расходи (во милиони денари); Извор: МФ




Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 70.702 милиона денари учествуваа со 90,1% (11,1% во БДП) и се зголемени за 1,3% во однос на истиот период лани.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 10.906 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот, изнесува 13,9% и во однос на 2016 година се зголемени за 2,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 6.307 милиони денари и споредено со истиот период од 2016 година забележаа намалување од 1,8%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 51.478 милиони денари (8,1% од БДП). Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 1,1% споредено со истиот период минатата година и истите учествуваа со 65,6% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 38.778 милиони денари, забележаа раст од 4,8% и учествуваа со 49,4% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 23.860 милиони денари, се зголемија за

4,2%, споредено со истиот петмесечен период од 2016 година и учествуваат со 30,4% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,3%, односно забележаа помала реализација за 10,2%, споредено со истиот период лани. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 6.305 милиони денари забележаа зголемување од 0,7% во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 23,3% помалку.

Каматните расходи изнесуваат 2.011 милиони денари, што е за 11,8% повеќе во споредба со истиот период од 2016 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 18,2%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за 4,7%.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 7.770 милиони денари со структурно учество од 9,9% во вкупните расходи (1,2% учество во БДП), односно забележаа поголема реализација за 47,7% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници[2]

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – мај 2017 година реализираше 17,4 милијарди денари или 41,9% од вкупниот буџет за 2017 година. Притоа, најголем дел (73,8%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 12,8 милијарди денари или 42,3% од средствата наменети за 2017 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 18,2% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 40,1% (3,1 милијарда денари) од планираните за 2017 година.

Графикон 3.4. Структура на расходите по буџетски корисници заI-V 2017 година (во %); Извор МФ




Министерство за образование и наука во периодот јануари – мај 2017 година изврши буџетски средства во износ од 9,4 милијарди денари, што е 37,6% од вкупниот буџет за 2017 година. Најголем дел од расходите (58,3%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 5,5 милијарди денари или 42,2% од вкупно планираните средства. Стоки и услуги се втора најзначајна ставка со учество од

[2] Податоците не се консолидирани и ги вклучуваат и одливите на средствата

15,3%, за што потрошени се 1,4 милијарди денари, односно 33,4% од вкупно предвидените. За плати и надоместоци (кои учествуваат со 14,5% во вкупните расходи) реализирани се 1,36 милијарди денари, што претставува 39,8% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во периодот јануари – мај 2017 година преку разделот Министерство за финансии - функции на држава[3] реализирани се 8,3 милијарди денари, што претставува 21,1% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 32,0% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во периодот јануари – мај 2017 година реализирани се 2,6 милијарди денари или 14,5% од планираното. По однос на каматните плаќања, кои учествуваат со 24,3%, потрошени се 2,0 милијарди денари, односно 24,5% од средствата планирани за оваа намена во 2017 година. Трета најзначајна ставка со учество од 22,7% се капиталните расходи, за што се потрошени 1,9 милијарди денари или 24,2% од годишниот план.

Во периодот јануари – мај 2017 година од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 4,0 милијарди денари, што претставува 38,3% од сопствениот буџет за 2017 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 73,9%, за што се потрошени 3,0 милијарди денари или 41,2% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 13,7%, за што се реализирани 553 милиони денари или 26,0% од годишниот план.

Во првите пет месеци од 2017 година Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој реализираше средства во износ од 2,7 милијарди денари, што претставува 30,6% од планираните средства за тековната година. Најзначајната расходна ставка претставува субвенции и трансфери (со учество од 77,0%), за што во анализираниот период извршени се 2 милијарди денари или 30,9% од планираното. Капиталните расходи учествуваат со 21,6% во вкупните расходи, за што во периодот јануари – мај 2017 година се реализирани 571 милион денари или 29,1% од годишниот план.

Министерство за одбрана во периодот јануари – мај 2017 година изврши буџетски средства во износ од 2,2 милијарди денари, што е 35,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 65,8%, за што во првите пет месеци реализирани се 1,5 милијарди денари, што претставува 42,8% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 26,5% во вкупните расходи, за што во анализираниот период потрошени се 590 милиони денари, односно 42,4% од вкупно предвидените.

Министерство за здравство во првите пет месеци од годината реализираше буџетски средства во износ од 2,6 милијарди денари, што е 46,4% од вкупниот буџет

[3] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

за 2017 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 45,3%, за што во првите пет месеци потрошени се 1,2 милијарди денари или 50,2% од средствата наменети за 2017 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 31,3% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 816 милиони денари, односно 42,9% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи (кои учествуваат со 21,7% во вкупните расходи) изнесува 46,4% односно извршени се 564 милиони денари.

Министерство за транспорт и врски во периодот јануари – мај 2017 година реализираше средства во износ од 2,1 милијарда денари, што е 46,4% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 87,0%, а нивната реализација во првите пет месеци изнесува 49,2% односно извршени се 1,9 милијарди денари.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[4] во периодот јануари – мај 2017 година извршени се средства во износ од 1,9 милијарди денари, што е 47,2% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 34,8%, а нивната реализација во првите пет месеци изнесува 53,7% односно извршени се 674 милиони денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 32,7%, а за оваа намена реализирани се 632 милиони денари или 48,7% од планираното. За плати и надоместоци реализирани се 436 милиони денари, што претставува 41,0% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 22,5% од вкупните расходи. *(Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во табелите на следниот линк:* http://www.finance.gov.mk/mk/node/693).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – мај 2017 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 5.337 милиони денари, што претставува 0,8% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 4.360 милиони денари и претставува 0,7% од БДП.

4 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечнтата дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – мај 2017 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 75.634 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е понизок за 0,8% во однос на истиот период од 2016 година.

Графикон 4.1. Преглед на невработени лица во АВРМ




Од вкупниот број нововработени, 41,2% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во мај 2017 година 22,7% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 197.543, од кои 101.311 се активни баратели на работа, а 96.232 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 3,3%.

Графикон 4.2 Преглед на новите вработувања; Извор: АВРМ




Најголем дел од невработените лица (66,6%) се градско население, а според половата структура 59,3% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 56,1% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,3% се со завршено средно образование, додека 14,6% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 54,1% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 55,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 9,4% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во април 2017 година оствари годишен раст од 1,4%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,0%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (22,4%), Рударство и вадење камен (14,7%) и Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (6,1%). Реалните плати во април забележаа годишен раст од 0,4%.




Просечната номинална бруто-плата во април 2017 година оствари годишен раст од 1,5%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,9%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (19,7%), Рударство и вадење камен (12,8%) и Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (5,8%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 0,5%.




Процентот на вработени што не примиле плата во април 2017 година изнесува 0,9% и е за 0,4 п.п. понизок во однос на истиот месец претходната година и во однос на март 2017 година.

## Пензии

Во мај 2017 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 305.109 пензионери, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 1224 лица. Од вкупниот број пензионери, 62,8% се корисници на старосна пензија, 24,9% се корисници на семејна пензија и 12,3% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во мај 2017 година изнесува 14.017 денари и е за 6,9% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во април 2017 година

(последни расположливи податоци) изнесува 61,1%.

Просечната староснa пензија во мај изнесува 15.321 денар, просечната инвалидска пензија изнесува 12.788 денари, а просечната семејна пензија 11.336 денари. За исплата на пензиите во мај 2017 година се потрошени 4.153,60 милиони денари, што претставува 52,9% од вкупните социјални трансфери.

Графикон 4.5 Вкупен број на пензионери и просечна исплата на пензии; Извор: ФПИОМ




# МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во мај 2017 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка 3,25%, откако претходно ја намали за 0,25 п.п. во февруари 2017 година. Ваквото намалување се должи на постојаното стабилизирање на очекувањата и на довербата на економските субјекти.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во мај 2017 година, примарните пари[5] регистрираа раст од 4,9% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 6,4% и 3,5%, соодветно.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 0,3%, како резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек за 0,3% и 0,2%, соодветно.

Графикон 5.1. Валутна структура на депозити и кредити во мај 2017 година; Извор: НБРМ




## Депозитен потенцијал

Во мај 2017 година, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 0,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 1,0%, а депозитите на домаќинствата останаа непроменети.

[5]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Од аспект на валутата, во мај 2017 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута за зголемија за 0,3%, додека депозитите во странска валута се намалија за 1,1%.

Вкупниот депозитен потенцијал во мај 2017 година оствари раст од 6,4% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута забележаа раст од 8,0%, а депозитите во странска валута се зголемија за 4,3%.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата и домаќинствата овој месец бележат раст од 7,1% и 5,5%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 2,4%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 7,6%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,7%.

Табела 2.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор; Извор: НБРМ

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (мај 2017 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **315.932** | **-0,3%** | **6,4%** |
| Денари | *185.427* | 0,3% | 8,0% |
| Странска валута | *130.505* | -1,1% | 4,3% |
| Краткорочни | *149.452* | -1,9% | 2,4% |
| Долгорочни | *87.047* | 0,3% | 7,6% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **283.934** | **0,8%** | **1,5%** |
| Денари | 234.484 | 0,9% | 4,1% |
| Странска валута | 49.450 | 0,2% | -9,2% |
| Краткорочни | 61.498 | 0,2% | 0% |
| Долгорочни | 201.786 | 0,7% | 7,7% |
| Сомнителни и спорни побарувања | 19.116 | 3,7% | -32,0% |

Извор; НБРМ

## Кредити на банките

Графикон 5.2. Стапки на раст на депозити и кредити (м/м-12); Извор: НБРМ




Во мај 2017 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,8% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во мај кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,3%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 1,4%. Од аспект на валутата, во мај 2017 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа раст од 0,9%, а девизните кредити се зголемија за 0,2%. На годишна основа, во мај 2017 година

вкупните кредити се зголемија за 1,5%, во услови на пад на кредитите кон претпријатијата од 2,9% и раст на кредитите кон домаќинствата од 6,7%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,1%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 9,2%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,7%, а краткорочните кредити останаа непроменети.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во мај 2017 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,0% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на денарските и девизните кредити останаа непроменети на месечно ниво и изнесуваат 6,3% и 5,0%, соодветно.




Вкупната каматна стапка на депозитите во мај изнесува 1,6% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити останаа непроменети во однос на минатиот месец и изнесуваат 2,2% и 0,9%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во мај 2017 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 12,3% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од класичното тргување за 15,4%, додека прометот од блок трансакциите се намали за 20,8%.

Вкупниот промет на берзата во мај 2017 година изнесуваше 312 милиони денари и регистрираше раст од 9,7% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во мај 2017 година изнесуваше 2.258,63 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 3,9%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 32,0%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на мај 2017 година изнесуваа 2.448,5 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалени за 47,4 милиони евра, додека во однос на мај 2016 година се зголемени за 284,2 милиона евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
www.finance.gov.mk